**2021046697**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Врз основа на член 40 став 3 од Законот за ученичкиот стандард („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/05, 117/08, 17/11, 135/11, 15/13, 41/14, 146/2015, 30/16, 64/18 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 248/20 и 302/20), министерот за образование и наука донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧНИОТ ИСПИТ ЗА ВОСПИТУВАЧ И СТРУЧЕН СОРАБОТНИК ВО ЈАВЕН УЧЕНИЧКИ ДОМ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на полагање на стручниот испит за воспитувач и стручен соработник – приправник (во натамошниот текст: приправникот) во јавен ученички дом.

Член 2

Со стручниот испит за приправник (во натамошниот текст: стручниот испит), се проверува способноста на приправникот за самостојна воспитно-образовна, односно стручна работа во јавниот ученички дом.

Член 3

Од страна на приправникот, за полагање на стручниот испит се поднесува пријава до Министерството за образование и наука (во натамошниот текст: Министерството).

Кон пријавата од став 1 на овој член, приправникот приложува:

- уверение за завршен приправнички стаж во јавен ученички дом;
- мислење од менторот за работата на приправникот во текот на приправничкиот стаж;
- мислење од највисокиот стручен орган на јавниот ученички дом во кој е вработен приправникот за неговата воспитно-образовна работа во текот на приправничкиот стаж;
- домашна писмена работа (во два примерока);
- извештај од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија за остварен работен стаж на приправникот од една година;
- диплома или уверение за завршено соодветно образование;
- уверение за здобиена педагошко-психолошка и методска подготовка од акредитирана високообразовна установа и
- примерок од уплатницата за уплатените средства за полагање на стручен испит.

Член 4

Од страна на Министерството се разгледува пријавата со приложените документи и се врши проверка дали приправникот ја доставил комплетната документација од член 3 став 2 од овој правилник.

Од страна на Министерството, приправникот кој не доставил комплетна документација, се известува да ја комплетира документацијата најдоцна два дена од приемот на известувањето.

Од страна на Министерството, комплетната документација на приправникот се доставува до Комисијата за спроведување на стручниот испит (во натамошниот текст: Комисијата).

Од страна на Комисијата се врши проверка дали приправникот ги исполнува, односно не исполнува условите за полагање на стручен испит и се изготвува извештај.

Од страна на претседателот на Комисијата се известува приправникот за времето и местото за полагање на стручниот испит, најдоцна три дена пред денот определен за полагање на стручниот испит.

Член 5

Приправникот го полага стручниот испит во времето определено за полагање.

На барање на приправникот поради болест, породилно отсуство и други оправдани причини, од страна на Комисијата може стручниот испит да му се одложи.

Член 6

Ако приправникот што го започнал полагањето на стручниот испит, во текот на испитот, поради болест или други причини, бил спречен да го продолжи испитот, ја известува Комисијата за спреченоста.

Ако Комисијата констатира дека причините се оправдани, на приправникот му одобрува да го продолжи испитот во термин определен од страна на Комисијата. Во спротивно се смета дека приправникот не го положил стручниот испит.

Член 7

Ако приправникот не се појави на определениот ден за полагање на стручниот испит или пред почетокот на полагањето изјави дека се откажува од полагањето, се смета дека испитот не го полагал.

Член 8

Стручниот испит се состои од:

- домашна писмена работа,
- практична воспитно - образовна задача или студија на случај и
- устен испит.

Член 9

За време на приправничкиот стаж приправникот избира тема за домашна писмена работа, од подрачјата за подготовка на домашна писмена работа од Програмата за полагање на стручниот испит на приправникот.

Избраната тема приправникот ја проучува, анализира и истражува и изработува соодветен стручен материјал во писмена форма во обем од најмалку 10, а најмногу 30 страници.

Член 10

Реализација на практична воспитно - образовната задача за воспитувачот-приправник се состои од планирање (писмена подготовка) и реализација на конкретна тематска содржина за едно слободно или задолжително занимање на воспитната група.

Практичната воспитно-образовна задача на стручниот соработник-приправник, се состои од планирање и реализација на активност (занимање) поврзана со работата со учениците, специфична за профилот на стручниот соработник.

Приправникот, по свој избор може да изготви студија на случај од подрачјата на Програмата за полагање на стручниот испит на приправникот, а поврзана со непосредната воспитно-образовна работа во јавниот ученички дом и решавање на конкретен проблем за чие надминување приправникот се ангажирал во текот на приправничкиот стаж, а кој произлегол од непосредна работа со учениците. Во студијата на случај се презентира способноста на приправникот за спознавање на проблемот, способност да се анализира и

истражува проблемот по пат на примена на соодветни методи и техники на истражување, способност за преземање на практични активности за негово решавање, анализирање и интерпретирање на добиените резултати и применување на сознанијата во функција на унапредување на воспитно-образовната дејност.

Член 11

Практичната воспитно-образовна задача приправникот ја реализира во јавен ученички дом.

Член 12

Усниот испит се состои од три дела:

- одбрана на домашната писмена работа,
- согледувања од реализацијата на практичната воспитно-образовна задача на приправникот и
- проверка на знаењата на приправникот за прописите од областа на организацијата на воспитно-образовната дејност во јавните ученички домови и Законот за ученичкиот стандард.

Член 13

За текот на стручниот испит се води записник. Записникот се води од страна на член на Комисијата.

Член 14

По завршениот стручен испит од страна на Комисијата се оценува секој дел од испитот поединечно. Испитот се смета за положен доколку кандидатот ги положил сите три дела.

Стручниот испит се оценува со „положил“ или „не положил“.

По завршување на стручниот испит, од страна на претседателот на Комисијата во присуство на сите членови на Комисијата се известува приправникот за резултатот од полагањето на стручниот испит.

Од страна на Комисијата, најдоцна седум дена од денот на соопштувањето на приправникот за резултатот за полагањето на стручниот испит, се доставува писмено известување до приправникот и до Министерството.

Кон писменото известување од став 4 на овој член, до Министерството се доставува и целокупната документација за приправникот, за кој се води посебно досие.

Член 15

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 18-3220/1
22 февруари 2021 година
Скопје

Министер за образование
и наука,
**Мила Царовска**, с.р.